Република Северна Македонија
Министерство за финансии
Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Financave

Акционерско друштво за осигурување
ВИНЕР-Виена Иншуренс Груп
Бр. 11 1341080411122
30.08.2022 год.
СКОПЈЕ

– Сектор за правни работи–

Архивски број: 03-9350/1
Датум:
05-09-2022

ДОГОВОР
за јавна набавка на услуги- осигурување на имотот на градинката и објектите за одмор во Крушево и Дојран

Склучен помеѓу:
1. МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, со седиште на ул. „Даме Груев", бр.12 - Скопје, претставувано од Dr. Fatmir Besimi, министер за финансии, во натамошниот текст: договорен орган-осигуреник и

2. АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ВИНЕР-ВИЕНА ИНШУРЕНС ГРУП СКОПЈЕ, со седиште на ул.„Железничка" бр.41, 1000 Скопје, претставувано од Ана Серафимова и Насер Зенку, членови на управен одбор, во натамошниот текст: носител на набавката-осигурувач.

## I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Предмет на договорот за Дел 1 е осигурување на имотот на градинката и објектите за одмор во Крушево и Дојран, без франшиза со откупена амортизација, по спроведена постапка за набавка од мала вредност по оглас број 08924/2022, согласно со техничките спецификации и понудата кои се составен дел а се дадени во Прилог на овој договор и тоа:

- осигурување на градинката на Министерството за финансии со мебел и опрема во објектот од пожар и други опасности, поплава порој и високи води и земјотрес;
- осигурување на објектот за одмор во Крушево со мебел и опрема во објектот од пожар и други опасности, поплава порој и високи води и земјотрес и
- осигурување на објектот за одмор во Дојран со мебел и опрема во објектот од пожар и други опасности, поплава порој и високи води и земјотрес.

## II. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 2

Вкупната вредност на договорот (годишна премија), односно премијата за едно годишно осигурување за предметот на договорот, изнесува 41.763,00 денари без ДДВ.

На износот од став 1 на овој член не се пресметува данок на додадена вредност, согласно со член 23, став 1, точка 6 од Законот за данокот на додадена вредност.

Член 3

Цената од член 2 на овој договор е крајна, фиксна и непроменлива за цело времетраење на договорот.

Премиските стапки се фиксни и непроменливи за цело времетраење на договорот и истите се дадени како Прилог на овој договор.

## III. ВАЖНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 4

Договорот се склучува за период од 12 (дванаесет) месеци, а ќе започне да се применува од 14.09.2022 година.

Полисите за осигурување издадени согласно овој договор треба да бидат со важност од 12 (дванаесет) месеци почнувајќи од 14.09.2022 година во 00:00 ч.

## IV.НАЧИН НА ИЗВРШУВАЊЕ НА УСЛУГАТА

Член 5

Полисата за осигурување и пресметката на аконтација која е составен дел на полисите ги изготвува и потпишува овластено лице на носителот на набавката - осигурувач и ги доставува до договорниот орган - осигуреникот.

Определено лице на договорниот орган - осигуреникот ја проверува точноста на податоците од осигурителната полиса, согласно со бараната спецификација во тендерската документација и листата на основни средства на договорниот орган.

Овластеното лице на договорниот орган - осигуреник ги потпишува примероците на полисите за осигурување, еден примерок задржува за себе, а другите ги враќа на носителот на набавката - осигурувачот.

Член 6

Носителот на набавката - осигурувач е должен по приемот на пријавата за штета од страна на договорниот орган - осигуреник во рок од 24 (дваесет и четири) часа, или најдоцна во рок од 3 (три) дена во зависност од сложеноста на предметот на процена, да го утврди обемот и да изврши проценка на штетата и да даде насоки на договорниот орган за комплетирање на документацијата.

Доколку носителот на набавката - осигурувач задоцни со исполнување на обврската во утврдениот рок од претходниот став на овој член, пријавата на штетата се смета за комплетна и доставена.

Доколку настане осигурен случај врз основа на изготвен комисиски записник од носителот на набавката - осигурувачот за настанатите оштетувања и одобрен од страна на договорниот орган, носителот на набавката е должен да ја исплати сумата за утврдената штета, согласно со договорот на договорниот орган во рок од 14 (четиринаесет) дена по доставување на пријавата за штета.

## V.РОК И НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ НА ПРЕМИЈАТА

Член 7

Договорниот орган - осигуреник се обврзува плаќањето на премијата утврдена во член 2 од овој договор, да го изврши на 12 (дванаесет) еднакви месечни износи, по доставена фактура.

Договорниот орган - осигуреник се обврзува плаќањето на годишната премија да го врши во согласност со став 1 од овој член, во рок од 30 (триесет) дена по приемот на фактурата во писарницата на договорниот орган.

## VI.НАЧИН И РОК НА ИСПЛАТА НА ШТЕТИ

Член 8

Носителот на набавката - осигурувач се обврзува плаќањето на штетите на договорниот орган - осигуреник да го врши вирмански.

Носителот на набавката - осигурувач е должен да ги исплати штетите на договорниот орган - осигуреник во рок од 14 (четиринаесет) дена по доставување на пријавата за штета кај осигурувачот.

Ако за утврдување за постоење на обврската на носителот на набавката - осигурувачот и нејзиниот износ е потребно извесно време, овој рок почнува да тече од денот кога е утврдено постоење на негова обврска и на нејзиниот износ.

Доколку носителот на набавката - осигурувач задоцни со исполнување на обврската во утврдениот рок, должен е на договорниот орган осигуреник да му плати законска затезна камата.

## VII.ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

### Член 9

Носителот на набавката – осигурувач се обврзува дека ќе ја извршува услугата од член 1 од овој договор согласно Законот за супервизија на осигурувањето и другите важечки прописи од областа на осигурувањето.

### Член 10

Носителот на набавката - осигурувач се обврзува на договорниот орган - осигуреник да му достави осигурителна полиса согласно со условите од овој договор во рок не подолг од 5 (пет) дена пред денот на започнувањето на примената на договорот.

### Член 11

Носителот на набавката - осигурувач се обврзува при склучување на овој Договор да достави на договорниот орган - осигуреник, примерок од Општите и посебните услови за осигурување донесени од негова страна, бидејќи истите претставуваат составен дел на договорот за осигурување.

## VIII.ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

### Член 12

Договорниот орган – осигуреник е должен да ја пријави настанатата штета за осигурениот случај и по насоки на носителот на набавката – осигурувач да ја комплетира потребната документација и истата да ја достави до носителот на набавката.

Договорниот орган се обврзува дека плаќањето на носителот на набавката ќе го врши во рокот од членот 7 на овој договор.

## IX. РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 13

Овој договор може да се раскине спогодбено со согласност на договорните страни.

Член 14

Овој договор може да се раскине и еднострано поради непридржување или неисполнување на договорните обврски утврдени со овој договор, како и поради неквалитетно вршење на работите утврдени со Договорот.

Договорната страна која поради непридржување или неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање во писмена форма.

Договорот се смета за раскинат со денот на приемот на известувањето за раскинување на договорот.

Доколку дојде до раскинување на договорот поради неисполнување или ненавремено исполнување на обврските на договорот од страна на носителот на набавката, носителот на набавката ќе биде одговорен за евентуалната штета што би ја предизвикал на договорниот орган како директна или индиректна последица на неговото работење.

Член 15

Кога носителот на набавката нема да ја исполни својата обврска во определениот рок, договорниот орган може да и остави примерен дополнителен рок за исполнување на обврската.

Рокот од став 1 на овој член може да биде продолжен само по писмено барање на носителот на набавката и писмена согласност на договорниот орган.

Ако носителот на набавката не ја исполнил својата обврска во рокот утврден во овој договор или не ја исполнил ниту во дополнителниот кој бил даден од договорниот орган, договорниот орган може да го раскине договорот во кој случај има право на надомест на штета од носителот на набавката.

## X. ВИША СИЛА

Член 16

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на обврските од овој договор заради виша сила. Под виша сила се подразбираат настани или околности на кои договорните страни не можат да влијаат и се надвор од нивната контрола, а го попречуваат нормалното извршување на договорот (елементарни непогоди, воени дејства, граѓански немири, штрајкови, и сл.).

– Сектор за правни работи–

Член 17

Вишата сила не вклучува настан што е предизвикан од небрежност или намерна активност што би предизвикала застој во извршувањето на обврските од договорот. Ако една од договорните страни е спречена да ги исполнува своите обврски заради виша сила, должна е веднаш писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

За времетраењето на вишата сила сите права и обврски од овој договор мируваат.

Договорните страни се обврзуваат на ист начин да ја известат договорната страна за повторното воспоставување на нормални услови за извршување на договорот, односно за престанокот на дејството на вишата сила.

По отстранувањето на вишата сила договорот продолжува да се реализира.

## XI. ПРИМЕНЛИВИ ЗАКОНИ

Член 18

За се што не е регулирано со овој договор ќе се применуваат одредбите од Законот за јавните набавки, Законот за облигациони односи и позитивните законски прописи во Република Северна Македонија.

## XII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 19

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено. Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување анекс на договорот во согласност со Законот за јавните набавки.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

Член 20

Сите спорови кои ќе настанат во текот на работата, странките ќе се обидат да ги решат спогодбено, во спротивно ќе решава надлежниот суд во Скопје.

Член 21

При секоја обработка на личните податоци во текот на реализацијата на овој договор, соодветно ќе се применуваат одредбите од Законот за заштита на личните податоци.

Член 22

Овој договор е составен во 4 (четири) еднообразни примероци од кои 2 (два) примерока за договорниот орган и 2 (два) примерока за носителот на набавката.

ДОГОВОРЕН ОРГАН:
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
СКОПЈЕ

НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА:
АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА
ОСИГУРУВАЊЕ ВИНЕР-ВИЕНА
ИНШУРЕНС ГРУП
СКОПЈЕ

МИНИСТЕР ЗА ФИНАНСИИ
Dr. Fatmir Besimi

Член на управен одбор
Ана Серафимова

Член на управен одбор
Насер Зенку

Изработил: Петрина Мале
Контолирал: Даниела Јанкова
Одобрил: Татјана Васева
Проверил: Daut Hajrullahi
м-р Маја Стаменковска Угриновска
Согласен Државен секретар: д-р Јелена Таст

ПРИЛОГ КОН ДОГОВОРОТ

ТЕХНИЧКИ СПЕЦИФИКАЦИИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ГРАДИНКА И ОБЈЕКТИТЕ ЗА ОДМОР ВО КРУШЕВО И ДОЈРАН (ДЕЛ 1)

Министерството за финансии има потреба од јавна набавка за осигурување на имотот на градинката на Министерството за финансии и објектите за одмор во Крушево и Дојран (без франшиза со откупена амортизација). Потребата од осигурување опфаќа: осигурување на објектите на Министерството за финансии со опрема и мебелот во објектите.
Важечките полиси за Дел 1 - Градинка и објекти за одмор во Крушево и Дојран истекуваат на 13.09.2022 година во 24:00 ч.
Полисите за осигурување за Дел 1 - Градинка и објекти за одмор во Крушево и Дојран издадени согласно склучениот договор за оваа постапка треба да бидат со важност од 12 месеци почнувајќи од 14.09.2022 година во 24:00 ч.

Осигурување на имот без франшиза со откупена амортизација:

| Предмет на осигурување | Осигурени ризици | Вредност на предметот на осигурување (денари) |
|---|---|---|
| Градинка на Министерството за финансии со вкупна внатрешна површина од 245 м2 | Пожар и некои други опасности:<br>-пожар;<br>-удар од гром;<br>- експлозија, освен експлозија на нуклеарна енергија град;<br>- излевање на вода од водоводна, канализациона и парно инсталација;<br>- луња;<br>- град;<br>- паѓање на воздушно летало; | 24.563.754,00 |

| | | |
|---|---|---|
| | - манифестација и демонстрација;<br>- удар со сопствено моторно возило и сопствена подвижна работна машина во осигурените градежни објекти | |
| Градинка на Министерството за финансии со вкупна внатрешна површина од 245 м2 | Поплава, порој и високи води | 24.563.754,00 |
| Градинка на Министерството за финансии со вкупна внатрешна површина од 245 м2 | Земјотрес (без франшиза) | 24.563.754,00 |
| Мебел и опрема во градинката на Министерството за финансии | Пожар и некои други опасности<br>-пожар;<br>-удар од гром;<br>- експлозија, освен експлозија на нуклеарна енергија град;<br>- излевање на вода од водоводна, канализациона и парно инсталација;<br>- луња;<br>- град;<br>- паѓање на воздушно летало;<br>- манифестација и демонстрација;<br>- удар со сопствено | 1.680.771,00 |

| | | |
|---|---|---|
| | моторно возило и сопствена подвижна работна машина во осигурените градежни објекти | |
| Мебел и опрема во градинката на Министерството за финансии | Поплава, порој и високи води | 1.680.771,00 |
| Мебел и опрема во градинката на Министерството за финансии | Земјотрес (без франшиза) | 1.680.771,00 |
| Објект за одмор во Крушево со вкупна внатрешна површина од 80м2 | Пожар и некои други опасности<br>-пожар;<br>-удар од гром;<br>- експлозија, освен експлозија на нуклеарна енергија град;<br>- излевање на вода од водоводна, канализациона и парно инсталација;<br>- луња;<br>- град;<br>- паѓање на воздушно летало;<br>- манифестација и демонстрација;<br>- удар со сопствено моторно возило и сопствена подвижна работна машина во осигурените градежни објекти | 769.845,00 |

| | | |
|---|---|---|
| Објект за одмор во Крушево со вкупна внатрешна површина од 80м2 | Поплава, порој и високи води | 769.845,00 |
| Објект за одмор во Крушево со вкупна внатрешна површина од 80м2 | Земјотрес (без франшиза) | 769.845,00 |
| Мебел и опрема во објектот за одмор во Крушево | Пожар и некои други опасности<br>-пожар;<br>-удар од гром;<br>- експлозија, освен експлозија на нуклеарна енергија град;<br>- излевање на вода од водоводна, канализациона и парно инсталација;<br>- луња;<br>- град;<br>- паѓање на воздушно летало;<br>- манифестација и демонстрација;<br>- удар со сопствено моторно возило и сопствена подвижна работна машина во осигурените градежни објекти | 585.859,00 |
| Мебел и опрема во објектот за одмор во Крушево | Поплава, порој и високи води | 585.859,00 |
| Мебел и опрема во | Земјотрес (без франшиза) | 585.859,00 |

| | | |
|---|---|---|
| објектот за одмор во Крушево | | |
| Објект за одмор во Дојран со вкупна внатрешна површина од 508 м2 | Пожар и некои други опасности<br>-пожар;<br>-удар од гром;<br>- експлозија, освен експлозија на нуклеарна енергија град;<br>- излевање на вода од водоводна, канализациона и парно инсталација;<br>- луња;<br>- град;<br>- паѓање на воздушно летало;<br>- манифестација и демонстрација;<br>- удар со сопствено моторно возило и сопствена подвижна работна машина во осигурените градежни објекти | 15.565.292,00 |
| Објект за одмор во Дојран со вкупна внатрешна површина од 508 м2 | Поплава, порој и високи води | 15.565.292,00 |
| Објект за одмор во Дојран со вкупна внатрешна површина од 508 м2 | Земјотрес (без франшиза) | 15.565.292,00 |
| Мебел и опрема во | Пожар и некои други | 2.165.891,00 |

| | | |
|---|---|---|
| објектот за одмор во Дојран | опасности<br>-пожар;<br>-удар од гром;<br>- експлозија, освен експлозија на нуклеарна енергија<br>град;<br>- излевање на вода од водоводна, канализациона и парно инсталација;<br>- луња;<br>- град;<br>- паѓање на воздушно летало;<br>- манифестација и демонстрација;<br><br>- удар со сопствено моторно возило и сопствена подвижна работна машина во осигурените градежни објекти | |
| Мебел и опрема во објектот за одмор во Дојран | Поплава, порој и високи води | 2.165.891,00 |
| Мебел и опрема во објектот за одмор во Дојран | Земјотрес (без франшиза) | 2.165.891,00 |

*Напомена: Осигурениот ризик земјотрес кој е предмет на осигурување, е дополнителен ризик.*

Понудувачот при подготвување на понудата треба во целост треба да се придржува до важечките прописи за осигурување.

Податоците како и сумите на осигурување се наведени во Листата на основните средства од Министерството за финансии, по барање ќе му бидат предадени на носителот на набавката при склучување на договорот.

Акционерско друштво за осигурување
**ВИНЕР – Виена Иншуренс Груп Скопје**
бр. 10387 / 0802 / 1 /22
16.08.2022 година

Прилог 1 – Образец на понуда

ДЕЛ 1 - осигурување на имотот на градинката и објектите за одмор во Крушево и Дојран,
*[меморандум на понудувачот]*

Врз основа на огласот објавен од страна на Министерството за финансии, за набавка на услуга – осигурување на имотот на Министерството за финансии со спроведување на набавка од мала вредност, и тендерската документација, ја поднесуваме следнава:

К О Н Е Ч Н А П О Н У Д А

**Дел I – Информации за понудувачот**

I.1. Име на понудувачот: Акционерско друштво за осигурување ВИНЕР – Виена Иншуренс Груп Скопје
I.2. Контакт информации
- Адреса: ул. Борис Трајковски бр. 62, 1000 Скопје
- Телефон: 02/3231 631
- Факс: 02/3231 632
- Е-пошта: tenderi@winner.mk
- Лице за контакт: Драгана Николова 078 488 957

I.3. Одговорно лице: Ана Серафимова
I.4. Даночен број: 4030002461200
I.5. Матичен број: 5702470

**Дел II – Техничка понуда**

II.1 Согласни сме да ви ја понудиме услугата која е предмет на набавка ДЕЛ 1 - осигурување на имотот на градинката и објектите за одмор во Крушево и Дојран, во се според барањата дефинирани во техничката спецификација.

**Дел III – Финансиска понуда**

Осигурување на имотот на градинката на Министерството за финансии и објектите за одмор во Крушево и Дојран без франшиза со откупена амортизација:

| Предмет на осигурување | Осигурени ризици | Вредност на предметот на осигурување (денари) | Премиска стапка % | Изразена премија во денари без ДДВ ( за 12 месеци) |
|---|---|---|---|---|
| Градинка на Министерството за финансии со вкупна внатрешна површина од 245 м2 | Пожар и некои други опасности:<br>-пожар;<br>-удар од гром;<br>- експлозија, освен експлозија на нуклеарна енергија град;<br>- излевање на вода од водоводна, канализациона и парно инсталација;<br>- луња;<br>- град; | 24.563.754,00 | 0,02377487 % | 5.840,00 ден. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | - паѓање на воздушно летало;<br>- манифестација и демонстрација;<br>- удар со сопствено моторно возило и сопствена подвижна работна машина во осигурените градежни објекти | | | |
| Градинка на Министерството за финансии со вкупна внатрешна површина од 245 м2 | Поплава, порој и високи води | 24.563.754,00 | 0,02971858% | 7.300,00 ден. |
| Градинка на Министерството за финансии со вкупна внатрешна површина од 245 м2 | Земјотрес (без франшиза) | 24.563.754,00 | 0,03863416% | 9.490,00 ден. |
| Мебел и опрема во градинката на Министерството за финансии | Пожар и некои други опасности<br>-пожар;<br>-удар од гром;<br>- експлозија, освен експлозија на нуклеарна енергија град;<br>- излевање на вода од водоводна, канализациона и парно инсталација;<br>- луња;<br>- град;<br>- паѓање на воздушно летало;<br>- манифестација и демонстрација;<br>- удар со сопствено моторно возило и сопствена подвижна работна машина во осигурените градежни објекти | 1.680.771,00 | 0,02373911% | 399,00 ден. |
| Мебел и опрема во градинката на Министерството за финансии | Поплава, порој и високи води | 1.680.771,00 | 0,02968876% | 499,00 ден. |
| Мебел и опрема во градинката на Министерството за финансии | Земјотрес (без франшиза) | 1.680.771,00 | 0,03867273% | 650,00 ден. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Објект за одмор во Крушево со вкупна внатрешна површина од 80м2 | Пожар и некои други опасности<br>-пожар;<br>-удар од гром;<br>- експлозија, освен експлозија на нуклеарна енергија град;<br>- излевање на вода од водоводна, канализациона и парно инсталација;<br>- луња;<br>- град;<br>- паѓање на воздушно летало;<br>- манифестација и демонстрација;<br>- удар со сопствено моторно возило и сопствена подвижна работна машина во осигурените градежни објекти | 769.845,00 | 0,02377102% | 183,00 ден. |
| Објект за одмор во Крушево со вкупна внатрешна површина од 80м2 | Поплава, порој и високи води | 769.845,00 | 0,02974625% | 229,00 ден. |
| Објект за одмор во Крушево со вкупна внатрешна површина од 80м2 | Земјотрес (без франшиза) | 769.845,00 | 0,03857919% | 297,00 ден |
| Мебел и опрема во објектот за одмор во Крушево | Пожар и некои други опасности<br>-пожар;<br>-удар од гром;<br>- експлозија, освен експлозија на нуклеарна енергија град;<br>- излевање на вода од водоводна, канализациона и парно инсталација;<br>- луња;<br>- град;<br>- паѓање на воздушно летало;<br>- манифестација и демонстрација;<br>- удар со сопствено моторно возило и сопствена подвижна работна машина во осигурените градежни објекти | 585.859,00 | 0,02372585% | 139,00 ден |
| Мебел и опрема во објектот за одмор во Крушево | Поплава, порој и високи води | 585.859,00 | 0,02969998% | 174,00 ден |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Мебел и опрема во објектот за одмор во Крушево | Земјотрес (без франшиза) | 585.859,00 | 0,03857583% | 227,00 ден |
| Објект за одмор во Дојран со вкупна внатрешна површина од 508 м2 | Пожар и некои други опасности<br>-пожар;<br>-удар од гром;<br>- експлозија, освен експлозија на нуклеарна енергија град;<br>- излевање на вода од водоводна, канализациона и парно инсталација;<br>- луња;<br>- град;<br>- паѓање на воздушно летало;<br>- манифестација и демонстрација;<br><br>- удар со сопствено моторно возило и сопствена подвижна работна машина во осигурените градежни објекти | 15.565.292,00 | 0,02377726% | 3.701,00 ден |
| Објект за одмор во Дојран со вкупна внатрешна површина од 508 м2 | Поплава, порој и високи води | 15.565.292,00 | 0,02971997% | 4.626,00 ден |
| Објект за одмор во Дојран со вкупна внатрешна површина од 508 м2 | Земјотрес (без франшиза) | 15.565.292,00 | 0,03863082% | 6.013,00 ден |
| Мебел и опрема во објектот за одмор во Дојран | Пожар и некои други опасности<br>-пожар;<br>-удар од гром;<br>- експлозија, освен експлозија на нуклеарна енергија град;<br>- излевање на вода од водоводна, канализациона и парно инсталација;<br>- луња;<br>- град;<br>- паѓање на воздушно летало;<br>- манифестација и демонстрација;<br><br>- удар со сопствено моторно возило и сопствена подвижна | 2.165.891,00 | 0,02377774% | 515,00 ден |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | работна машина во осигурените градежни објекти | | | |
| Мебел и опрема во објектот за одмор во Дојран | Поплава, порој и високи води | 2.165.891,00 | 0,02973372% | 644,00 ден |
| Мебел и опрема во објектот за одмор во Дојран | Земјотрес (без франшиза) | 2.165.891,00 | 0,03864460% | 837,00 ден |
| **Вкупна премија за 12 месеци без ДДВ (за трите објекти)** | | **41.763,00 ден** | | |

*Напомена: Осигурениот ризик земјотрес кој е предмет на осигурување, е дополнителен ризик.*

Според тоа, вкупната цена на нашата понуда (вкупна премија за период од 12 месеци за трите објекти), вклучувајќи ги сите трошоци и попусти за времетраење од една година, без ДДВ, изнесува: 41.763,00 ден *[со бројки]* (ЧетириесетИЕднаИљјадаСедумстоШеесетИТри) *[со букви]* денари.

**II.3.** Нашата понуда важи за периодот утврден во тендерската документација.

**II.4** Се согласуваме со начинот и рокот на плаќање утврден во тендерската документација.

**II.1.4.** Ги прифаќаме начинот и рокот за извршување на предметната услуга наведени во тендерската документација.

**II.5.** Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во тендерската документација и приложениот модел на договор и не го оспоруваме Вашето право да ја поништите постапката за доделување на договор за јавна набавка.

II.6 Во прилог на оваа понуда ја доставуваме следнава документација:

- Образец на понуда (Прилог 1),
- Документ за регистрирана дејност и Дозвола за вршење на работи од осигурување, издадена од Агенцијата за супервизија на осигурувањсто, во соодветната класа на осигурување која е предмет на јавната набавка.
- Изјава за сериозност на понудата (Прилог 2).

Место и датум

Скопје, 16.08.2022

Одговорно лице*

Ana Serafimova

Digitally signed by Ana Serafimova DN: c=MK, ou=VAT - 4030002461200, 2.5.4.97=NTRMK-5702470, o=AD Viner - Viena Inshurens grup Skopje, serialNumber=180083, title=Clen na Upraven Odbor, sn=Serafimova, givenName=Ana, cn=Ana Serafimova Date: 2022.08.16 12:54:28 +02'00'

(потпис)

*Образецот на понудата се потпишува со валиден дигитален сертификат и истиот може да биде потпишан и од лице овластено од одговорното лице